ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ОБУКА ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

## Параметри за следење на трошењето на јавните пари



# Приказ на јавните набавки

- **Приказ на вредноста и структурата на јавните набавки**

(подигање на јавната свест на населението за обемот на овие трошоци и за значењето да се следи трошењето на јавните пари):

- Вредносен и количински приказ на структурата на јавните набавки според видот на набавки (набавка на стоки, услуги, работи).
- Вредносен и количински приказ на структурата на јавните набавки според видовите на применетите постапки за јавни набавки (мали набавки, прибирање на понуди со објавување на оглас, отворени постапки, ограничени постапки, постапки со преговарање со или без објавување на оглас).
- Исполнување на планот за јавни набавки.
- Известувања за реализација на тендерите.

# Транспарентност и отчетност

- **Нивото на транспарентност ќе се утврдува низ следните параметри:**
  - Дали се објавуваат плановите за јавни набавки на веб-страна?
  - Дали се објавуваат огласи за јавни набавки на веб-страна?
  - Дали и кога се објавуваат известувања за склучени договори на веб-страна?
  - Дали редовно се доставуваат податоците до ЕСЈН предвидени со ЗЈН? Обврска на институциите е да доставуваат известување за склучен договор во отворени постапки или одлука за поништување на постапката за јавна набавка во рок од 10 дена од донесувањето на одлуката.
  - Ги доставуваат ли институциите побараните информации за тендерите на доставените барања за информации од јавен карактер во рамките на проектните активности?

# Конкурентност во јавните набавки

- **Конкуретноста ќе се утврдува низ следните параметри:**
  - Просечен број на доставени понуди на мониторираните тендери (мала конкуренција е 1 или 2 понуди).
  - Во колкав број од мониторираните тендери не се спровела е-аукција затоа што имало понуда од само една фирма или само една понуда била оцената како прифатлива и соодветна што значи ги исполнила критериумите за квалификација.
  - Следење на евентуалните жалбени постапки.
  - Историјат на конкуренција и понудувачи на тендерите на институцијата.

# Еднаков третман и недискриминација

- **Еднаквиот третман и недискриминацијата ќе се утврдува низ следните параметри:**
  - Дали критериумите за квалификација овозможиле поголем број на фирми да достават понуди или се дикриминирале помалите фирми? Оценката ќе се даде врз основа на одговорите што ќе се добијат од прашалникот доставен до фирмите учесници на тендерите.
  - Дали фирмите ученички на тендерите добиваат навремени и детални известувања за изборот на најповолна понуда? Законот ги обврзува институциите да ги доставуваат овие известувања во рок од 3 дена по донесената одлука.
  - Дали на некоја фирма и е изречена негативна референца поради активирана банкарска гаранција за сериозност на понудата или за квалитетно извршување на договорот?

# Функционалност на системот на јавни набавки

- **Функционалноста на системот ќе се утврдува низ следните параметри:**
  - Удел на поништени постапки за јавни набавки во вкупно објавените добиен врз основа на податоците од ЕСЈН (удел на поништени постапки се добива на следниот начин = број на поништени постапки во мониторираниот период /вкупно објавени огласи во мониторираниот период X 100).
  - Вредност на договорите склучени преку постапката преговарање без објавување на оглас.